РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-126/9-1
19.03 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 137 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18), врз основа на член 116 од Статутот на БАС, како и врз основа на член 56 и 57 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС, Наставничкиот совет на БАС, на вонредната 147 седница одржана на 19.03.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за прифаќање на извештајот од Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд и определување на датум за одбрана

**Член 1**

Се прифаќа Извештајот за специјалистички труд (дел.бр. 0302-40/11 од 18.03.2019 година) на студентот **Благица Петровска**, со досие бр. 2288 и наслов на трудот **„Улогата на кофинансираните грантови за иновативност во развојот на производствена организација“**, доставен од страна на Комисијата за оценка и одбрана на специјалистички труд во состав: проф. д-р Тони Соклевски – ментор, проф. д-р Лидија Стефановска – претседател на комисијата и доц. д-р Ана Ристевска – трет член на комисијата.

**Член 2**

За датум на одбраната на специјалистичкиот труд се определува 28.03.2019 година (четврток) со почеток во 13:00 часот во БАС во Битола.

**Член 3**

Одлуката за усвојување на извештајот и датумот за одбрана на специјалистичкиот труд да се достави на студентот, членовите на комисијата и да се објави на интернет страницата и на огласните табли на БАС.

**Член 4**

Менторот има обврска завршниот труд да го постави во базата на специјалистички трудови на образовниот портал на БАС, веднаш по одбраната на специјалистичкиот труд.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**